Република Северна Македонија
# Општина Босилово
Тел./факс: 034 /371-600 E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ (ИНСПЕКТОРАТ) - ОПШТИНСКИ КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОР**

**ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА ПРИ РЕДОВЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР**

**Назив на пропис : ОДЛУКА ЗА КОМУНАЛЕН РЕД НА ОПШТИНА БОСИЛОВО.**
**Субјекти на надзор :**
**Надлежна инспекциска служба : Општински Комунален Инспектор .**

**ИП1. Бр.** ______________________________________________

| Податоци за субјектот на надзор | |
|---|---|
| Полн назив на субјектот на надзор | |
| Седиште на субјектот на надзор - адреса | |
| Единствен матичен број / ЕДБ /ЕМБГ ( за физичко лице) | |
| Број на лична карта или патна исправа и Рок на важност ( за физичко лице ) | |
| Шифра и назив на претежна дејност на субјектот на надзор | |
| Име/презиме на законски застапник на субјектот на надзор | |
| Лице за контакт, телефон, е-маил | |
| **Податоци за инспекцискиот надзор** | |
| Датум и место на спроведување на надзорот | |
| Предмет на инспекциски надзор | |
| Име/презиме на инспекторот Број на службена легитимација | Борче Минов службена легитимација број 35-0006 |

Република Северна Македонија
# Општина Босилово
Тел./факс: 034 /371-600 E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

**ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА ПРИ РЕДОВЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ПО ОДЛУКА ЗА КОМУНАЛЕН РЕД НА ОПШТИНА БОСИЛОВО**

| Број на член | Законска обврска / барање | Усогласеност ДА / НЕ | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|
| Член 4 | **Дали се постапува согласно на член 4 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Комуналните дејности ќе ги извршува ЈПКД „Огражден„ – Босилово како давател на услугите.<br>Давателот на услугата е должен да обезбедат трајно и квалитетно вршење на дејностите од член 3 на оваа одлука, како и одржување на објектите и опремата на комуналната инфраструктура во функционална состојба.<br>**Член 3**<br>**Комуналните дејности што се уредуваат со оваа одлука се:**<br>**1. Снабдување со вода за пиење;**<br>**2. Одведување на отпадни и атмосферски води;**<br>**3. Одржување на јавна чистота во населените места;**<br>**4. Изнесување и депонирање на комунален и цврст отпад;**<br>**5. Одржување на улична сообраќајна сигнализација и други инфраструктивни објекти;**<br>**6. Одржување на јавно осветлување;**<br>**7. Отстранување и чување на непрописно паркирани возила,** | | **ЗА ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА** |
| Член 11 | **Дали се постапува согласно на член 11 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Заради заштита на водата за пиење од изворите се воспоставуваат една или повеќе заштитни зони.<br>Во заштитната зона околу изворите на водата за пиење не е дозволено изградба на индустриски, туристички, угостителски, спортско-рекреативни, земјоделско-стопански и други објекти, како и вршење на дејности чии отпадни материи можат да го загрозат квалитетот, здравствената исправност на изворите. | | **ЗА ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА** |
| Член 12 | **Дали се постапува согласно на член 11 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Квалитетот на водата за пиење мора да ги задоволи нормите утврдени со Закон и подзаконски акти, а кои се однесуваат на санитарно техничките, бактеролошки и хемиските услови за исправна вода за пиење.<br>За квалитетот и исправноста на водата за пиење е одговорен давателот на услугата. | | **ЗА ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА** |

Република Северна Македонија
**Општина Босилово**
Тел./факс: 034 /371-600 E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

**ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА ПРИ РЕДОВЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ПО ОДЛУКА ЗА КОМУНАЛЕН РЕД НА ОПШТИНА БОСИЛОВО**

| Број на член | Законска обврска / барање | Усогласеност ДА / НЕ | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|
| Член 13 | **Дали се постапува согласно на член 11 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Давателот на услугата е должен да врши дезинфекција на водата и да обезбеди испитување на хемиската и бактеролошката исправност на водата, како и санитарно-техничко одржување на објектите. | | **ЗА ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА** |
| Член 14 | **Дали се постапува согласно на член 14 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Давателот на услугата е должен да обезбедува редовно и непрекинато снабдување со вода за пиење и притисок на мрежата според водостопанска основа, освен во случаи на:<br>-елементарни непогоди поголеми хаварии,<br>-дефекти или оштетувања на водоводната мрежа; и<br>-прекин со снабдување со електрична енергија, | | **ЗА ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА** |
| Член 15 | **Дали се постапува согласно на член 15 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Во случај на недостиг на вода за пиење заради елементарна непогода, давателот на услугата е должен да даде упатство за штедење и приоритет во користењето на водата во соработка со Советот на општина Босилово.<br>Во случаите од став 1 на овој член водата првенствено ќе се користи за пиење. | | **ЗА ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА И ЗА КОРИСНИК НА УСЛУГА** |
| Член 16 | **Дали се постапува согласно на член 16 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Во случај на дефект на водоводната мрежа, давателот на услугата е должен да ги извести корисниците на услугите за прекинот и времетраењето на прекинот преку средствата за јавно информирање. | | **ЗА ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА** |
| Член 17 | **Дали се постапува согласно на член 16 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Во случаите кога отстранување на дефектот на водоводната мрежа бара раскопување на улицата, коловозот или јавната зелена површина, давателот на услугата е должен да прибави одобрение за раскопување, од надлежниот управен орган на општина Босилово и да го извести најмалку еден час пред почетокот на раскопувањето и да ги преземе сите мерки за предупредување на учесниците во сообраќајот со соодветна сообраќајна сигнализација. | | **ЗА ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА** |

Република Северна Македонија
**Општина Босилово**
Тел./факс: 034 /371-600 E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

**ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА ПРИ РЕДОВЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ПО ОДЛУКА ЗА КОМУНАЛЕН РЕД НА ОПШТИНА БОСИЛОВО**

| Број на член | Законска обврска / барање | Усогласеност ДА / НЕ | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|
| **Член 17** | **Дали се постапува согласно на член 17 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>По завршувањето на работите од став 1 на овој член, давателот на услугата е должен улицата и земјиштето да ги доведе во првобитна состојба.<br>По исклучок во итни случаи, при поголеми дефекти на водоводната мрежа, давателот на услугата може веднаш да преземе мерки за отстранување на дефектот без претходно да го прибави одобрението од став 1 на овој член, а за тоа дополнително да го извести надлежниот управен орган на општината. | | **ЗА ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА** |
| **Член 18** | **Дали се постапува согласно на член 18 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Заради нормално одвивање на работите за отстранување на дефектот на водоводната мрежа која минува низ земјиште што е во сопственост или на кое корисник е физичко или правно лице, давателот на услугата има право несметано да ги изведува работите.<br>По завршувањето на работите од став 1 на овој член, давателот на услугата е должен земјиштето да го доведе во првобитна положба или да ја надомести штетата.<br>Висината на штетата ја определува комисија формирана од надлежниот управен орган на општината. | | **ЗА ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА**<br><br>**И ЗА КОРИСНИК НА УСЛУГА** |
| **Член 19** | **Дали се постапува согласно на член 19 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>За приклучување на новите корисници на јавната водоводна мрежа корисниците претходно се должни од давателот на услугата да бараат водоприклучна согласност. | | **ЗА ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА И ЗА КОРИСНИК НА УСЛУГА** |
| **Член 23** | **Дали се постапува согласно на член 23 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Потрошената количина на вода се утврдува преку користење на водомери.<br>Корисникот на услугите е должен да се грижи за водомерот за да не дојде до негово оштетување.<br>Доколку водомерот биде оштетен од негрижа на корисникот на услугите, замената и поправката ќе се врши на негов трошок.<br>Во сите други случаи, поправката на водомерот и неговата замена паѓа на товар на давателот на услугите, како и трошковите за редовно баждирање. Доколку баждирањето дојде по вина на корисникот на услугите, трошковите паѓаат на негова сметка. | | **ЗА ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА И ЗА КОРИСНИК НА УСЛУГА** |

БОСИЛОВО
Република Северна Македонија
# Општина Босилово
Тел./факс: 034 /371-600 E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

**ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА ПРИ РЕДОВЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ПО ОДЛУКА ЗА КОМУНАЛЕН РЕД НА ОПШТИНА БОСИЛОВО**

| Број на член | Законска обврска / барање | Усогласеност ДА / НЕ | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|
| Член 24 | **Дали се постапува согласно на член 24 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Корисниците на услугата се должни да плаќаат надоместок за потрошената вода. | | **ЗА ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА И ЗА КОРИСНИК НА УСЛУГА** |
| Член 25 | **Дали се постапува согласно на член 25 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>За неплаќање на услугите од член 24 на оваа одлука подолго од 3 месеци, давателот има право, по претходна писмена опомена да изврши исклучување од користење на вода од јавната водоводна мрежа, се додека не се исплати долгот за потрошената вода.<br>Повторно приклучување на водоводната мрежа го врши давателот на услугата.<br>Трошоците за повторно приклучување на водоводната мрежа паѓаат на товар на корисникот. | | **ЗА ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА И ЗА КОРИСНИК НА УСЛУГА** |
| Член 26 | **Дали се постапува согласно на член 26 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Се забранува:<br>- самоволно изведување на јавно водоводна мрежа и приклучоци;<br>- поврзување на внатрешни водоводни инсталации со јавна водоводна мрежа со водоводни инсталации и уреди кои добиваат вода од индивидуални извори;<br>- бесправно користење на вода пред водомер;<br>- користење на вода за залевање на земјоделски површини;<br>- директно приклучување на уреди што користат отровни и штетни материи со јавниот водоводен систем на водоводната инсталација на корисникот;<br>- трајно паркирање над водоводни шахти. | | **ЗА СИТЕ СУБЈЕКТИ** |
| Член 27 | **Дали се постапува согласно на член 27 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Во населените места во кои постои изградена канализациона мрежа не можат да се градат септички јами, туку објектите се приклучуваат на канализациона мрежа.<br>Кога се врши приклучување во канализациона мрежа, корисникот е должен септичката јама која нема да се користи претходно целосно да ја испразни, исчисти и дезинфицира. | | **ЗА КОРИСНИК НА УСЛУГА** |

Република Северна Македонија
**Општина Босилово**
Тел./факс: 034 /371-600 E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

**ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА ПРИ РЕДОВЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ПО ОДЛУКА ЗА КОМУНАЛЕН РЕД НА ОПШТИНА БОСИЛОВО**

| Број на член | Законска обврска / барање | Усогласеност ДА / НЕ | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|
| Член 28 | **Дали се постапува согласно на член 28 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Во населените места во кои не е изградена фекална канализација испуштањето на фекалните води се врши во септички јами.<br>Септичките јами не смеат да бидат отворени, треба да се бетонирани од горната страна и добро заштитени.<br>Се забранува септичките јами да се празнат на патишта, улици, атмосферски канали, речни корита или други јавни површини.<br>Септичките јами можат да се празнат со специјални цистерни на локациите каде се наоѓаат времените прифатилишта за комунален отпад во сите населени места, Поблиските услови за изградба на септичките јами ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите на комуналната дејност ( Закон за комунални дејности чл. 16 став 6, Сл. Весник на РМ бр. 95/2012). | | **ЗА КОРИСНИК НА УСЛУГА** |
| Член 29 | **Дали се постапува согласно на член 29 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Надворешните клозети мора да бидат изградени според пропишаните санитарно-хигиенски услови, т.е. да се изградени од тврд материјал а доколку не проаѓа канализациона мрежа мора да бидат поврзани со септички јами без прелив и истите редовно да се одржуваат чисти, варосуваат и дезинфицираат.<br>Во дворовите на стамбените и деловните згради каде што нема канализација сопствениците се должни да изградат септички јами со упивателен бунар за прифаќање на отпадните води. | | **ЗА КОРИСНИК НА УСЛУГА** |
| Член 30 | **Дали се постапува согласно на член 30 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Чистењето на септичките јами може да го врши овластена организација или физичко или правно лице со специјални возила-цистерни при што претходно се обезбедуваат санитарно-хигиенски мерки а по извршеното чистење се врши дезинфекција на теренот околу септичката јама. | | **ЗА КОРИСНИК НА УСЛУГА** |

Република Северна Македонија
# Општина Босилово
Тел./факс: 034 /371-600 E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

**ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА ПРИ РЕДОВЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ПО ОДЛУКА ЗА КОМУНАЛЕН РЕД НА ОПШТИНА БОСИЛОВО**

| Број на член | Законска обврска / барање | Усогласеност ДА / НЕ | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Член 32 | **Дали се постапува согласно на член 32 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Атмосферските води се изведуваат преку секундарни терцијални атмосферки канали што постојат во атарите на населените места и надвор од градежниот опфат на населените места. Општината во зависнот од потребата за интервенција и степенот на функционалноста се грижи за редовно одржување на одводната каналска мрежа.<br>Се забранува:<br>- Самоволно потрупување на атмосферските канали,<br>- Спречување на истек на атмосферска вода нив атмосферскиот канал,<br>- Самоволна изведба и ископ на произволен и индивидуален начин на атмосферски канал без согласност на надлежен орган од општината,<br>- Поткопување на речни брегови и црпање на земја од речните брегови и други одводни канали, | | **ЗА КОРИСНИК НА УСЛУГА** |
| Член 34 | **Дали се постапува согласно на член 34 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Под јавни и сообраќајни површини се подразбираат: Улици, патишта, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, мостови, паркови, улични тревници, автобуски и такси станици, паркиралишта, спортски објекти (игралишта), речни брегови, речни корита, атмосферски канали и други отворени простори.<br>На јавните и сообраќајни површини забранетото е :<br>- Користење на површините за сместување на стока, амбалажа, огревен и друг материјал;<br>- Оставање или складирање на градежен материјал, дрвна граѓа, шут, земја, арско ѓубре, земјоделска механизација и сл;<br>- Миење на моторни возила и земјоделски производи;<br>- Пишување на графити со бои, лакови или спреј на јавни објекти, | | **ЗА СИТЕ СУБЈЕКТИ** |

БОСИЛОВО

Република Северна Македонија
**Општина Босилово**

Тел./факс: 034 /371-600 E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

**ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА ПРИ РЕДОВЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ПО ОДЛУКА ЗА КОМУНАЛЕН РЕД НА ОПШТИНА БОСИЛОВО**

| Број на член | Законска обврска / барање | Усогласеност ДА / НЕ | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|
| **Член 34** | **Дали се постапува согласно на член 34 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br><br>На јавните и сообраќајни површини забрането е :<br><br>- Поставување на разни сушални, скелиња, метални и бетонски конструкции, оставање на оштетени и хаварисани моторни и запрежни возила;<br>- Фрлање на комунален отпад и други предмети;<br>- Испуштање на фекални и секаков друг вид на отпадни води;<br>- Испуштање на води кои служат за наводнување на земјоделски површини;<br>- Користење на јавните површини за сместување и чување на домашни животни,<br>- Сечење и прекопување на асфалтни и бетонски површини (тротоари) од локални улици и патишта без дозвола на надлежен орган од општината,<br>- Истовар (оставање) на арско ѓубре на банкините од локалните патишта и улици,<br>- Намерно оштетување на банкините на локалните улици и патишта,<br>- Црпење на песок и земја од полски патишта и речни брегови,<br>- Намерно кршење и уништување на урбана опрема како автобуски постојки, мали канти за отпад и контејнери, сообраќајни знаци, клупи за седење, кандилабри, заштитни огради, спортски реквизити (стативи, кошеви,мрежи) и други слични елементи,<br>- Оставање или паркирање на оштетени, неисправни или хаварисани моторни возила, | | **ЗА СИТЕ СУБЈЕКТИ** |
| **Член 35** | **Дали се постапува согласно на член 35 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Правните и физичките лица се должни да го исчистат снегот и мразот на тротоарот или ако улицата нема тротоар од коловозот на половина улица во целата должина на локацијата пред својот објект. | | **ЗА СИТЕ СУБЈЕКТИ** |

БОСИЛОВО

Република Северна Македонија
# Општина Босилово

Тел./факс: 034 /371-600 E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

**ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА ПРИ РЕДОВЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ПО ОДЛУКА ЗА КОМУНАЛЕН РЕД НА ОПШТИНА БОСИЛОВО**

| Број на член | Законска обврска / барање | Усогласеност ДА / НЕ | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|
| Член 37 | **Дали се постапува согласно на член 37 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?** Сопствениците односно корисниците на семејни згради и станови и деловни простории како и деловните субјекти, јавните установи и служби се должни отпадот од своите простории да го собират во корпи за отпад. | | **ЗА КОРИСНИК НА УСЛУГА** |
| Член 38 | **Дали се постапува согласно на член 38 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?** <br><br> Граѓаните од оние населени места кои не се вклучени во системот на организирано собирање на комуналниот отпад од страна на ЈПКД „Огражден„ – Босилово се должни отпадот да го изнесат и депонираат на времените прифатилишта за комунален отпад на локации определени од поранешните Совети на месните заедници. | | **ЗА КОРИСНИК НА УСЛУГА** |
| Член 39 | **Дали се постапува согласно на член 39 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?** При транспортирање на отпадот транспортерот (физичко, правно лице или ЈПКД „Огражден„ – Босилово) е должен да го спречи растурањето на истиот а доколку се растури, веднаш да го собере. | | **ЗА СИТЕ СУБЈЕКТИ** |
| Член 40 | **Дали се постапува согласно на член 40 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?** Пцовисаните домашни животни и остатоците од природно заклани животни (коски) мора да се исфрлат на локациите каде се наоѓаат времените прифатилишта за комунален отпад. <br> Секој сопственик на тие животни или остатоци е должен да ископа јама на тие места и истата потоа да биде потрупана односно покриена со земја. <br> Сопствениците на домашни животни и објектите во кои ги одгледуваат и чуваат се должни да ја одржуваат хигиената, редовно да ги чистат површините и просториите на тие објекти со цел спречување од појава на реа и миризба по соседните стамбени објекти и поблиската околина. | | **ЗА КОРИСНИК НА УСЛУГА** |
| Член 43 | **Дали се постапува согласно на член 43 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?** <br> Забранeто е: <br> - оштетување на сообраќајните знаци; <br> - оштетување на столбовите на сообраќајните знаци, | | **ЗА СИТЕ СУБЈЕКТИ** |

Република Северна Македонија
# Општина Босилово
Тел./факс: 034 /371-600 E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

**ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА ПРИ РЕДОВЕН ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ПО ОДЛУКА ЗА КОМУНАЛЕН РЕД НА ОПШТИНА БОСИЛОВО**

| Број на член | Законска обврска / барање | Усогласеност ДА / НЕ | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|
| Член 46 | **Дали се постапува согласно на член 46 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Давателот на услугата е должен јавното осветлување да го одржува во функционална состојба и редовно да ги заменува прегорените и оштетени сијалици согласно Програмата за јавно осветлување. | | **ЗА ДАВАТЕЛ НА УСЛУГА** |
| Член 47 | **Дали се постапува согласно на член 47 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Се забранува:<br>- оштетување на столбовите на кои се поставени улични светилки;<br>- оштетување и уништување на уличните светилки;<br>- поставување на било какви предмети на столбовите без одобрение на надлежен орган на општината, | | **ЗА СИТЕ СУБЈЕКТИ** |
| Член 49 | **Дали се постапува согласно на член 49 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Забрането е паркирање на тешки моторни возила и оставање на неисправни и оштетени (хаварисани) моторни возила на улиците, банкините, водоводни шахти, атмосферски сливници, тротоарите и другите јавни површини во населените места. | | **ЗА СИТЕ СУБЈЕКТИ** |
| Член 50 | **Дали се постапува согласно на член 50 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Отстранувањето на непрописно паркираните возила кои се во исправна состојба се врши по налог на овластен работник од Министерството за внатрешни работи.<br>Отстранувањето на оштетените и неисправни возила (хаварисани) се врши со Решение донесено од страна на општинскиот комунален инспектор. | | **ЗА СИТЕ СУБЈЕКТИ** |
| Член 51 | **Дали се постапува согласно на член 51 од Одлуката за Комунален Ред на Општина Босилово ?**<br>Трошоците за отстранување на оштетените и неисправни возила паѓаат на товар на сопственикот на моторното возило. | | **ЗА СИТЕ СУБЈЕКТИ** |

**ИП1. Бр.________** **субјект на инспекциски надзор** **Општински Комунален Инспектор**
**Претставник** **Борче Минов**
**___________2022г.** **(име , презиме, потпис)** **Службена легитимација бр. 35-0006**